РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS

Бр./Nr 09-911/5
28-05-2020 г./v.

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 30 - та седница прво продолжение одржана на ден 18.05.2020 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема законски можности за преземање мерки за натамошно постапување по предметот број 09-911/1 од 01.03.2019 година, бидејќи вработувањето во Агенцијата ---------- на лицето ------, ќерка на службеното лице --------, член на Управниот одбор на Агенцијата --------, е спроведено согласно Законот за агенциите за привремени вработувања, по што ДКСК го запира своето постапување.

Предметот со број 09-911/1 од 01.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-911/1 од 01.03.2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава доставена по електронска пошта, со наводи дека службеното лице --------, член на Управниот одбор на Агенцијата ------- извршил влијание за вработување на блиско лице (ќерка) во Агенцијата -------.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, согласно член 76 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија се обрати до Агенцијата ------- со цел за прибирање на документи и податоци.

Од добиената документација, Државната комисија констатира дека заклучно со мај 2019 година во Агенцијата -------- се ангажирани 76 лица, од кои 65 се редовно вработени, 8 преку Агенција за привремени вработувања и 3 преку Авторска агенција. Лицето што е наведено во пријавата, -----, е вработено преку Агенција за привремени вработувања континуирано од 10.08.2015 година на работно место Виш соработник за опасни материи.

Од досегашните постапувања по слични пријави, Државната комисија континуирано укажуваше на ризикот што се воспоставува со ваквиот начин на вработување во смисла на ангажирање на лица без соодветно образование за работното место на кое се распоредува.

Имено, Државната комисија претходно наведеното го потврди и во овој случај, каде со Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата-------- за работното место Виш соработник за опасни материи предвидено е вработување на лице со вид на образование: Правни науки, Хемија или Архитектура, урбанизам и планирање, а лицето ------- е машински инженер.

Поради фактот што ангажирањето на --------- во Агенцијата --------- е спроведено согласно Законот за агенциите за привремени вработувања, постојат основи за сомневање за влијание од страна на --------, член на Управниот одбор на Агенцијата ----------, при вработувањето на својата ќерка, но поради

начинот на кој се спроведува таа постапка, без јавен оглас и без можност за конкуренција, Државната комисија не е во можност да го утврди потенцијалното влијание и нема законски можности за натамошно постапување и преземање мерки кон наведеното лице.

Изборот кои лица ќе бидат ангажирани преку агенции за привремени вработувања во Агенцијата --------, создава простор за влијание при вработување, состојба на непотизам, клиентелизам и кронизам, ги нарушува основните уставни права на граѓаните.

Покрај наведеното, Државната комисија, по службена должност прибави информации и податоци во врска со именувањето на претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата ---------, по што констатира дека лицата -------- и ----------, членови на Управниот одбор на Агенцијата ---------, именувани од страна на Собранието на РСМ со Одлука бр. 08-1685/1 од 14.04.2015 година, ја извршувале наведената функција до 27.05.2019 година, кога со Одлука на Собранието на РСМ со бр. 08-3111/1 од 27.05.2019 година се именувани нови членови и претседател на Управниот одбор на --------. Разрешените членови, немаат поднесено анкетен лист по престанок на функцијата до Државната комисија согласно член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Од причина што лицата ------- и --------- не поднеле анкетен лист во рок од 30 дена од денот на престанувањето на функцијата член на Управниот одбор на ----------- што е спротивно на член 82 став 3 од ЗСКСИ, Државната комисија поведе прекршочна постапка против нив согласно член 109 став 1 алинеја 2 од истиот закон .

На седницата одржана на ден 18.05.2020 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија констатира дека нема елементи за натамошно постапување по предметот согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Кате Здравкоска, советник
Одобрил: Катица Николовска, член на ДКСК